Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА, КОНЗЕРВАТОРСКИ ЦЕНТАР - СКОПЈЕ
ул. Макарие Фрчковски бр. 8 / тел/факс: 3163-812, 3162-436, 3109-401 / п.ф. 328

Бр.: 01-221/1
26.02. 2019 год.
СКОПЈЕ

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

За програмските и вонпрограмските
активности на НУ КЦС
за 2018 година



Скопје, јануари 2019

*Годишниот извештај на НУ Конзерваторски центар - Скопје содржи релевантни податоци за програмските задачи извршени во текот на 2018 година финансирани од Министерството за култура на Република Македонија, како и податоци за вонпрограмски активности извршени по барање на друг субјект, а кои се во надлежност на НУ Конзерваторски центар - Скопје.*

## I. Програмски активности

НУ Конзерваторски центар - Скопје во извештајниот период отпочна со реализација на Програмата за работа за 2018 година во рамките на обезбедените средства од буџетот на Р. Македонија. Во таа насока дел од проектите се завршени, дел се во завршна фаза, а дел се очекува да бидат завршени во првото тромесечие од 2019 година.

### 1. Изработка на конзерваторски проекти

1.1. Отпочнати се конзерваторски истражувања како дел од *Проектот за санација на дел од теренот и темелните партии во непосредна близина на влезот во подземните тунели, како и делот од партерот во атриумскиот простор во комплексот „Свети Спас“*. Конзерваторските истражувања се вршат во функција на утврдување на состојбата на теренот и почвата на местата кај кои се констатирани деградирачки процеси во форма на тонење на теренот и појава на конструктивни пукнатини на делови од објектот. Конзерваторските истражувања ќе ги врши Стручен тим формиран со Решение на НУ Конзерваторски центар - Скопје (бр. 08-1074/1 од 16.10.2018 година) и Анекс кон основното решение (бр.081074/4 од 04.12.2018).



1.2. Во врска со изработка на *Идејниот Проект за конзерваторско-реставраторски работи на Аквадуктот во Скопје* направени се измени и дополнувања на стручниот тим (Решенија: бр. 08-1082/2 од 17.10.2018 г. и бр. 08-1096/1 од 19.10.2018 г.), техничка документација за постојната состојба и анализа на оштетувањата на културното добро е во завршна фаза. Напомена: Елаборатот за ревалоризација на споменичкото добро "Аквадукт" е изготвен согласно препораката од доставениот записник од комисијата од 12.12.2017 год., заведен под број 08-779/3, со цел, за ова културно добро да биде утврден соодветен режим на заштита;



1.3. Програмираниот *Проект за поставување на видео надзор во црквата Св. Спас, музејската поставка на Гоце Делчев, гробот на Гоце Делчев и во работните простори на установата* е во фаза на тендерска постапка.

2. **Изработка на заштитно-конзерваторски услови неопходни за изработка на одредени конзерваторски проекти:**

2.1.Заштитно-конзерваторски услови за реставрација и санација на излози и натписи на 118 дуќани во Споменичката целина *Стара скопска чаршија*;
2.2. Заштитно-конзерваторски услови за конзервација, реставрација и реконструкција на објекти во КО Центар 1 - Стара скопска чаршија, Скопје;

2.3. Заштитно-конзерваторски услови за конзервација и реставрација на Куршумли ан во Скопје (бр. 08-964/3 од 12.09.2018 година);
2.4.Заштитно-конзерваторски услови за НУ Музеј на Македонија - Скопје (бр. 08-978/3 од 20.09.2018 година).

### 3. Реализација на конзерваторски проекти (непосредна заштита)

3.1. Во тек е реализација на последната фаза на проектот за конзерваторско-реставраторски работи на фрескоживописот во црквата "Св. Никола", с. Љуботен;



3.2. Реализација на Проект за конзерваторско-реставраторски работи на четириесет икони и иконостас во црквата Св. Спас во Скопје. Интервенциите на левото крило од царските двери се завршени, додека четири икони се во фаза на конзервација;





3.3. Реализација на Анекс проектот за конзервација, реставрација и реконструкција на гледалиштето на театарот на археолошкиот локалитет Скупи“ во Скопје, согласно Конзервасторско одобрение бр. (УП.бр. 08-768 од 19.07.2018 год.).

3.4. Завршена е тендерска постапка и избран е изведувач за дел од позициите планирани со *Проектот за конзерваторско-реставраторски интервенции на фасадата на комплексот „Свети Спас“ во Скопје на ул. Макарие Фрчковски бр. 8* (простории отстапени од страна на МПЦ на користење на НУ Конзерваторски центар Скопје) и „Лазар Танев“ бр. 4 (Зградата на поранешниот „Вилаетски конак“) во состав на истиот комплекс на КП 9183, во споменичката целина Стара скопска чаршија (технички број 08-759/9 од 10.11.2016 година, изработен од стручен тим на НУ Конзерваторски центар Скопје).



## II. Вонпрограмски активности

1. Заштитни археолошки истражувања на КП 693/2 КО Злокуќани, Општина Карпош, по барање на сопственикот на парцелата заради доградба на индивидуална станбена куќа.





2. Изработка на Анекс на Основниот проект за конзервација, реставрација и реконструкција на гледалиштето на театарот на археолошкиот локалитет Скупи“ во Скопје (бр.08-525/8 од 09.07.2018 год.).

3. Изработка на заштитно-конзерваторски основи:

3.1. Заштитно конзерваторски основи за урбанистички план за село Горна и Долна Матка, (Општина Сарај) ЗКО се изработени, претстои нивно доставување во УЗКН;

3.2. Заштитно конзерваторски основи за недвижно културно наследство за подрачје на опфат на ДУП за Градска четврт ЦС 02.01 - Дуќанџик (Општина Центар - Скопје и Општина Чаир). Не е отпочнато со реализација, се чека на ажурирана геодетска подлога;

3.3. Анекс на ЗКО за Детален урбанистички план „Пресвета Богородица“ (Општина Центар - Скопје). Анексот е изработен и усвоен од страна на УЗКН;

3.4. Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјето на опфат на ДУП за “Градска четврт ССИ 03, Блок ССИ 03.02“, Општина Карпош, Скопје (Решение за Стручен тим, бр. 08-1071/1 од 16.10.2018 година), изработката е во завршна фаза;

3.5. Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјето на опфат на ДУП за “Градска четврт ЦС 14“, Општина Центар, Скопје (бр. 08-86/13 од 18.09.2018 година), Решение за одобрување на основите (бр. УП 17-709 од 26.10.2018 година);

3.6. Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјето на опфат на ДУП за “Градска четврт ЦС 01“, Општина Центар, Скопје (Решение за Стручен тим, бр. 08-323/1 од 03.04.2018 година, во завршна фаза);

3.7. Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјето на опфат на Урбанистички план вон населено место на верски објекти, КП 28, дел од КП 29/1 и КП 27, КО Љубанци, Општина Бутел, Скопје (Решение за Стручен тим, бр. 08-870/2 од 07.08.2018 година);

3.8. Заштитно-конзерваторски основи за ДУП за градска четврт Ц 03 (Соборен храм) Општина Центар и истите се одобрени со решение издадено од Управата за културно наследство (Уп. бр. 17-458 од 18.05.2018 г.).

3.9. Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјето на опфат на ДУП за “Градска четврт ССИ 03, Блок ССИ 03.04“, Општина Карпош, Скопје (бр. 08-718/6 од 04.10.2018 година), Решение за одобрување на основите (бр. УП 17-1130 од 05.10.2018 година) - во фаза на изработка.

## 4. Увиди на недвижното културно наследство

4.1. Непланирани увиди за состојбата на културното наследство:

4.1.1. Увид во состојбата на Домот на Есма Реџепова (по барање на Влада на Р. Македонија);
4.1.2. Увид на црквата Свети Спас во Скопје за утврдување евентуална штета по обилните дождови;
4.1.3. Увид во состојбата на фрескоживописот во црквата св. Пантелејмон, Нерези;
4.1.4. Увид во состојбата на фрескоживописот во црквата св. Св. Спас, Скопје;
4.1.5. Увид по основ на допис од УЗКН - инспекциски служби, за бесправни интервенции во Старата скопска чаршија на: ул. „Битпазарска" бр. 80, и на ул. „Лазар Танев" бр. 1, 26, 28, 30 и 32;
4.1.6. Увид на Марков манастир, с. Маркова Сушица (по барање на Игуманија Илијана Илкова со сестринството, Свети Димитриј - Марков манастир);
4.1.7. Увиди на објекти/дуќани во Старата Скопска чаршија на барање на Инспекторатот за културно наследство при УЗКН;
4.1.8. Увид на Феудална кула во Скопје со локација на ул.,,Македонија,, бб (по барање на НУ Музеј на Македонија)
4.1.9. Увиди на состојбата на археолошките локалитети ставени под заштита (својство на заштитено добро) на територијата на град Скопје:

- Археолошки локалитет Скупи, решение бр. 231 од 10.04.1967 г.



- Локалитет Брест, решение бр. 198 (122/72) од 24.04.1969 г.
- Археолошки локалитет Тули, с. Таор, решение бр. 331/85 од 15.08.1974 г.
- Археолошки локалитет Пеленица, решение бр. 122/76 од 01.09.1969 г.
- Археолошки локалитет Слатина, с. Зелениково, решение бр. 324/82 од 17.07.1972 г.
- Урнатини на Маркови Кули, КО Горно Водно, решение бр. 381/89 од 05.10.1977 г.
- Монументална раноантичка гробница, с. Бразда, решение бр. 1002-394/1 од 15.09.1992 г.
- Остатоци од Средновековен град Кожле, решение бр. 08-840/90 од 10.12.1980 г.

4.1.10. Увид во состојбата на кровната конструкција на НУБ (по барање на МК)

4.2. Увиди за потребите за изработка на заштитно-конзерцваторски основи за урбанстичкото и просторното планирање:

4.2.1 Во подрачјето на опфат на ДУП за "Градска четврт С 26, Блок 03" и ДУП за "Градска четврт С 26, Блок 04", Општина Гази Баба, Скопје;

4.2.2. Во подрачјето на опфат на Урбанистички план вон населено место Р'жаничино за изградба на објекти со намена Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија, Г3 - Сервиси, Г4 - Стоваришта (КП 739/3, дел од КП 675/3, дел од КП 739/2, дел од КП 870/1, дел од КП 895, КО Р'жаничино);

4.2.3. За измена и дополна на одобрен Проект за инфраструктура за магистрален гасовод делница 5: Скопје-Тетово-Гостивар –Кичево од км 0+000.00 до км 0+160.00- КО Брњарци;

4.2.4. во подрачје на опфат на Урбанистички план за Инфраструктурен Проект за изградба на улица во КО Кучково, општина Ѓорче Петров, Скопје

4.2.5. Увид во опфатот и непосредната околина на Проектот за инфраструктура за доградба на локален пат село Зеленоково – село Градовци

4.2.6. Увиди за потребата од изработка на Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјето на опфат на Урбанистичкиот план за село Зелениково, Општина Зелениково

4.2.7. Увиди во опфатот и непосредната околина на КП 290, КП 291 и КП 292 КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари, Скопје

4.2.8. Увид на територијата на која се планира изработка на Урбанистички план вон населено место Веле Поле, Општина Ѓорче Петров,Скопје

4.2.9. Увид на подрачјето во границите на опфат на ДУП за Градска четврт С 26 Блок 03 и ДУП за Градска четврт С26 Блок 04, Општина Гази Баба, Скопје

4.2.10. Увид во границите на опфат на КП 393/2 КО Орман вон г.р. (дел од УПС Орман, Општина Ѓорче Петров, Скопје);

4.2.11. Увид на остатоците од некогашната црква Св. Спас во с. Бразда на место викано Видране, скопско.

## 5. Конзерваторски надзор

Конзерваторски надзор при реализација на:

5.1. Проектот за конзерваторско-реставраторските интервенции на Хусеин Шах џамија во Сарај ( Решение на НУ НКЦ - Скопје);

5.2. Проектот за санација на оштетувањата од влага (ентериер и екстериер) заштита од продор на атмосферска вода, воведување на систем за вентилација на ентериерот, заштита од УВ зрачење и оградување на културното добро Чифте амам во Скопје по проектот бр.08-778/1 од 30.09.2016 година изработен од НУ Конзерваторски центар Скопје (Решение на НУ КЦ – Скопје);

5.3. Отстранување на дефектот на подземната инсталација во НУ Национална галерија на Македонија –Даут Пашин амам во Скопје од страна на Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија, Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ, Скопје (Решение на НУ КЦ – Скопје);

5.4. Основен проект за промена на столарија на ЈУ ДКЦ "Карпош" (Решение на НУ КЦ – Скопје);

5.5. Основен проект за Комплекс објекти Скопје, Мултифункционален комплекс - Културен центар - Станбени згради - Деловни простории - Паркиралиште - Подземен сообраќај (градежна парцела ГП 1.5 од ДУП "Стара железничка станица" Општина центар, Скопје (Решение на НУ КЦ – Скопје). Активноста е во тек - се до конечна реализација на проектот.

## 6. Археолошки надзор

6.1. Археолошки надзор на изградбата на Магистрален гасовод – Делница 5: Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево, во општини кои се во надлежност на НУ Конзерваторски центар – Скопје: Аеродром, Арачиново, Гази Баба, Кисела Вода, Сарај и Сопиште.

6.2. Археолошки надзор при изведување на работите за санација на оштетување од влага (ентериер и екстериер), заштита од продор на атмосферска вода, воведување на систем за вентилација на ентериерот, заштита од УВ зрачење и оградување на културното добро Чифте Амам во Скопје.



6.3. Археолошки надзор при реализација на отстранувањето на дефектот на подземната внатрешна инсталација во НУ Национална галерија на Македонија – Даут Пашин Амам, од страна на БЕК Дооел Скопје.

6.4. Археолошки надзор при реализација на Проектот за инфраструктура за доградба на локален пат Зелениково-село Градовци.

## 7. Учество во стручни комисии и други тела формирани од други субјекти

7.1. Комисија за стручна контрола на "Основен проект за конзервација и реставрација на архитектурата на црквата Св. Архангел Михаил во Лесновскиот Манастир - Пробиштип";
7.2. Комисија за стручна контрола на "Проект за конзервација и презентација на археолошките структури во дворот на Хусеин Шах џамија во с. Сарај, Скопско" или "Анекс кон основниот проект за конзервација, реставрација и реконструкција на Хусеин Шах џамија во с. Сарај, Скопско";
7.3. Стручна контрола на "Проект за конзервација и презентација на подовите во внатрешноста и во тремот на Исхак бег-Алаџа џамија - Скопје;
7.4. Стручна контрола на "Основен проект за конзервација, реставрација, санација и ревитализација на конак во Лешочкиот манастир Св. Атанасие во с. Лешок - Општина Теарце";
7.5. Стручна контрола на "Проект за конзерваторско-реставраторски интервенции на североисточното бедемско платно на археолошкиот локалитет "Виничко кале" - Виница";
7.6. Стручна контрола на "Анекс на Конзерваторскиот проект за решавање на проблемот со влага во заштитеното добро Стар амам - НУ Уметничка галерија, Тетово";
7.7. Стручна контрола на "Анекс проект кон основниот проект за конзервација, реставрација и реконструкција на комплексот Султан Муратова џамија, Скопје";
7.8. Стручна контрола на "Основен проект за решавање на проблемот со влага во Стариот амам во Тетово и поплочување на партерот со нови камени плочи";
7.9. Стручна контрола на "Основен проект за реконструкција на дуќан на ул. Битпазарска" (КП 8999);
7.10. Стручна контрола на "Основен проект за адаптација на дел од приземјето и отворениот двор на Музејот на град Скопје, ул. "Св. Кирил и Методиј" бб - Скопје";
7.11. Стручни контроли на 37 конзерваторски проекти за излози во Старата скопска чаршија;
7.12. Комисиска ревизија на "Елаборатот за валоризација на мостот "Елен скок" на Гарска река, с. Могорче, општина Дебар и општина Маврово-Ростуше";
7.13. Рецензентската комисија за избор и преизбор во стручни звања во областа на заштитата на културното наследство;
7.14. Стручна контрола на Проектот за Куршумли Ан - Основен Проект А за конзервација и реставрација на "Куршумли Ан" - Скопје со тех. бр. 0701-08 од 2018 година, изработен од Јорд ДООЕЛ - Скопје, со арх. бр. 08-975/4 од 25.09.2018 година.
7.15. Учество во изработка на Анекс Проект кон Основниот проект за конзервација, реставрација и реконструкција на Комплексот Султан Муратова џамија - Скопје (проект бр. 08-105/1 од 27.02.2018 г., изработен од НУ НКЦ Скопје).

## 8. Стручни мислења

8.1. Стручно мислење за изработка на АУП за промена на границите на ГП 1.3 и ГП 1.4 од ДУП за Локалитет "Злокуќани", Општина Карпош, Скопје (донесен во 2006 година);
8.2. Стручно мислење за потребата од изработка на Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјето на опфат на Урбанистичкиот план вон населено место Ржаничино, Општина Петровец, за изградба на објекти со намена Г2 - Лесна и незагадувачка индустрија, Г3 - Сервиси, Г4 - Стоваришта (КП 739/3, дел од КП 675/3, дел од КП 739/2, дел од КП 870/1, дел од КП 895, КО Ржаничино);
8.3. Стручно мислење за изработка на Архитектонско-урбанистички проект за формирање на градежни парцели за ОУ "Јоаким Крчовски" на дел од КП 393/1 и КП 393/2, КО Орман - вгр (дел од Урбанистичкиот план за село Орман), Општина Ѓорче Петров, Скопје;
8.4. Стручно мислење за изработка на Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за изградба на објекти со намена Д3 - Спорт и рекреација, на КП 290, КП 291 и КП 292, КО Горно и Долно Оризари, Општина Шуто Оризари, Скопје;
8.5. Стручно мислење за изработка на Проект за инфраструктура за градење на 110 кV кабелски подземен вод "ТС 110/35/10кV Југ Нова - ТС 110/35/20/10кV Централна (1)", Скопје
8.6. Стручно мислење за проект за реконструкција на зелени површини и дрвореди на булевар "Крсте Мисирков" во Скопје (потег "Битпазар" до "МАНУ");
8.7. Стручно мислење за Измена и дополна на Проект за инфраструктура за нов 35кV кабелски вод од "ТС 110/35/10кV Скопје 1" до "ТС 35/10кV Маџари", Општина Гази Баба и Општина Бутел, Скопје;
8.8. Стручно мислење за потребата од изработка на Заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, за подрачјето на опфат на Урбанистичкиот план за село Зелениково, Општина Зелениково;
8.9. Стручно мислење за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект - деловен простор и помошна просторија на ул. "Филип Втори" бр. 66 во Скопје;
8.10. Извештај од извршен увид со мерки на заштита на културното наследство во границите на опфатот на Проект за инфраструктура за доградба на локален пат Зелениково - село Градовци на КП 1630 дел, 742 дел, 729 дел, 704 дел, 727 дел, 726 дел, 724 дел, 723 дел, 772 дел, 767 дел, 950 дел, 1631 дел и 203/1 дел, КО Градовци, Општина Зелениково;
8.11. Стручно мислење на основаноста за ставање под заштита на градската вила - Водно (КО центар 2);
8.12. Стручно мислење (со одобрение) за враќање на текстот (изјавата на Јосип Броз - Тито) на објектот на Старата железничка станица - Скопје;
8.13. Стручно мислење по барање на Лотарија на Македонија АД Скопје за ребрендирање на деловен простор на ул.,,Македонија,, бр.11а во Скопје;
8.14. Стручни мислења за легализирање бесправно изградени објекти во општина Центар, Скопје, КО Центар 1, Скопје.

## 9. Издавачка дејност

Печатење на "Извори на споменичко право на Македонија - Акти за спомениците на културата и другите културни добра од периодот 2006-2011 година" (том V), Јован Ристов.

**10. Други активности**

10.1. Учество во работилницата "Бизнис планирање за рехабилитација на недвижни културни добра" - Европска година на културното наследство 2018 г., во организација на Управата за заштита на културното наследство;

10.2. Учество во форумот на тема: " Културно наследство и одржливиот туризам" - Европска година на културното наследство 2018 , во организација на ИКОМОС;

10.3. Учество на дебата за измени и дополнувања Законот за развој на културата

10.4. Како институција земавме активно учество во рамките на Европските денови на Културното наследство - беше донесена одлука за три бесплатни дена за посетителите;

10.5. Изработени се актите за новата организација на иституцијата и систематизација на работните места. Истата е консултирана и прифатена од Министерството за информатичко општество и Управниот одбор на НУ КЦ-СКопје и е во фаза на спроведување.

10.6. Одржани се 19 седници на УО за кои се подготвувани материјали од службите на НУ КЦ-Скопје за потребите на неговата работа.

10.7. Во рамките на редовните активности од водичката служба организиран е пречек и запознавање со културното добро - црквата Св. Спас, како и запознавање со животот и делото на големиот револуционер Гоце Делчев на домашни и странски посетители. Културното добро го посетиле околу 8.000 странски 700 домашни посетители, како и повеќе странски делегации

10.8. Отпочнати и завршени се 8 јавни набавки:

- Јавна набавка на услуга од агенција за обезбедување на имоти и лица за 24-часовно обезбедување на деловниот простор на установата;
- Јавна набавка за услуга од авторска агенција за период од една година;
- Јавна набавка за услуга од правно лице кое ќе изврши печатење на книгата - Извори на Споменичко право во Македонија, Том V;
- Јавна набавка за средства за хигиена;
- Јавна набавка за услуги од правно лице за мобилна телефонија (VIP);
- Јавна набавка за избор на правно лице кое ќе го реализира Основниот проект за конзерваторско-реставраторски интервенции на фасадата на комплексот Св. Спас - Скопје;
- Јавна набавка за тонери;
- Јавна набавка за канцелариски материјал.

Скопје 22.01.2019 година

Д И Р Е К Т О Р,

Коле Чапкановски,

дипл. ист. на умет. со археологија